ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВО ЗА НОВИОТ РЕЦЕПТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФЗОМ

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 007
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВО ЗА НОВИОТ РЕЦЕПТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФЗОМ

Поради тоа што при пропишувањето на лекови на товар на Фондот на новиот рецептен образец како проблем се јави прашањето за пополнување на првиот дел на рецептот со наслов „Податоци за носителот на осигурување", Фондот за здравствено осигурување на Македонија изврши дополнување на Упатството за новиот рецептен образец за пропишување на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. Дополнувањето се однесува на следните случаи:

- Во случај кога рецептот е пропишан на носителот на осигурувањето, лично, во првиот дел на рецептот од страна на избраниот лекар/лекарот замена/дежурниот лекар се пополнуваат сите податоци и тоа: подрачна служба, презиме и име, адреса, ЕМБГ, број на здравствен картон, основ на осигурување, број на здравствена легитимација и рег. број на обврзникот, **до** делот со наслов „Податоци за носителот на осигурување", **кој не треба да се пополнува**. Но, доколку од страна на избраниот лекар/лекарот замена/дежурниот лекар се пополни и делот со наслов „Податоци за носителот на осигурување", рецептите **не треба да се враќаат.**

- Во случај кога рецептот е пропишан на член на семејството на носителот на осигурување, во првиот дел на рецептот од страна на избраниот лекар/лекарот замена/дежурниот лекар се пополнуваат сите податоци за членот на семејството на кој е пропишан рецептот **и задолжително се пополнува** и делот со наслов „Податоци за носителот на осигурување" со потребните податоци за носителот на осигурувањето.